Тел. +389 2 3117 888
Факс. +389 2 3117 999
www.bdo.mk

Јане Сандански бр. 111
1000 Скопје
Република Северна Македонија

**До**
**сопственикот и раководството на**
**Динерс Клуб Интернационал МАК АД, Скопје**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на „Динерс Клуб Интернационал МАК“ АД, Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото), кои се состојат од Извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2024 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промените на капиталот и Извештајот за паричните текови за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

### *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија и за интерната контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

### *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со ревизорски стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.



БДО ДОО Скопје е трговско друштво основано во Република Северна Македонија, членка на BDO International Limited, компанија со ограничена одговорност со седиште во Велика Британија. БДО ДОО Скопје е дел од меѓународната БДО мрежа на независни фирми членки.

БДО е бренд име за БДО мрежата и за секоја фирма членка.

**До**
**сопственикот и раководството на**
**Динерс Клуб Интернационал МАК АД, Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)**

***Мислење на ревизорот***

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите значајни аспекти, финансиската состојба на Друштвото на ден 31 декември 2024 година, како и финансиските резултати и неговите парични текови за годината која завршува на тој ден, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2024 година.

Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Динерс Клуб Интернационал МАК АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2024 година.

Скопје, 17 април 2025 година

Иван Богдановски
Овластен ревизор

Друштво за ревизија БДО
ДОО Скопје

Драган Димитров
Управител

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
**за периодот кој завршува на 31 декември 2024**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | | | |
| Приходи од надоместоци и провизии | 4 | 210.296 | 183.191 |
| Други оперативни приходи | 5 | 801 | 744 |
| **ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | | **211.097** | **183.935** |
| **ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | |
| Трошоци за материјали и услуги | 6 | (110.152) | (83.090) |
| Плати, надоместоци и др. лични примања | 7 | (53.991) | (44.703) |
| Депрецијација/амортизација | 8 | (7.226) | (5.869) |
| Обезвреднување и отпис на побарувања | 9 | (13.026) | (11.308) |
| Останати оперативни трошоци | 10 | (2.703) | (2.342) |
| **Вкупно** | | (187.098) | (147.312) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | | **23.999** | **36.623** |
| **ПРИХОДИ/РАСХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ** | | | |
| Финансиски приходи | | 661 | 817 |
| Финансиски трошоци | | (10.146) | (9.063) |
| **Нето расходи од финансирање** | 11 | **(9.485)** | **(8.246)** |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **14.514** | **28.377** |
| Данок на добивка | 12 | (3.695) | (4.815) |
| **ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | **10.819** | **23.562** |
| Останата сеопфатна добивка | | | - |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | **10.819** | **23.562** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се потпишани од страна на Раководството на Друштвото на 12 март 2025 година од страна на:

Божидар Јанковски
Извршен директор

Соња Јаневска
Овластен сметководител
Број на лиценца 0104099

Динерс Клуб Интернационал МАК АД Скопје

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА**
**на ден 31 декември 2024**
**Во илјади денари**

| | Белешка | 31 декември 2024 | 31 декември 2023 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 13 | 22.506 | 22.038 |
| Нематеријални средства | 14 | 11.577 | 9.082 |
| Вложување во акции | 15 | 6.160 | 6.160 |
| Вложување во удели | 16 | 310 | - |
| Долгорочни заеми и побарувања | 17 | 2.298 | 2.450 |
| | | **42.851** | **39.730** |
| **Тековни средства** | | | |
| Краткорочни депозити | 17 | 1.780 | 7.612 |
| Краткорочни заеми и побарувања | 18 | 418.311 | 405.492 |
| Останати побарувања | 19 | 12.209 | 1.033 |
| Краткорочни финансиски средства | 20 | 71.914 | - |
| Пари и парични еквиваленти | 21 | 9.620 | 6.079 |
| Залихи | 22 | 4.062 | 2.327 |
| Побарувања за данок на добивка | | 785 | - |
| | | **518.681** | **422.543** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **561.532** | **462.273** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Уплатен капитал | 23 | 68.700 | 68.700 |
| Останати резерви | | 16.688 | 10.587 |
| Законски резерви | | 58.845 | 41.384 |
| Акумулирана добивка | | 10.819 | 23.562 |
| | | **155.052** | **144.233** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни заеми | 27 | 70.814 | 14.800 |
| | | **70.814** | **14.800** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 24 | 105.617 | 106.227 |
| Останати обврски | 25 | 15.887 | 16.463 |
| Обврски за данок на добивка | | - | 1.012 |
| Краткорочни заеми | 26 | 213.963 | 179.529 |
| Одложени приходи | 28 | 199 | 9 |
| | | **406.480** | **318.040** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **561.532** | **462.273** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се потпишани од страна на Раководството на Друштвото на 12 март 2025 година од страна на:

Божидар Јанковски
Извршен директор

Соња Јаневска
Овластен сметководител
Број на лиценца 0104099

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ**
**за периодот кој завршува на 31 декември 2024**
**Во илјади денари**

| | Уплатен капитал | Законски резерви | Останати резерви | Акумулирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01.01.2023** | **68.700** | **28.217** | **8.687** | **15.067** | **120.671** |
| Пренос во законски резерви | - | 13.167 | 1.900 | - | **15.067** |
| Пренос во задржана добивка | - | - | - | (15.067) | **(15.067)** |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | - | - | - | 23.562 | **23.562** |
| **Состојба на 31.12.2023** | **68.700** | **41.384** | **10.587** | **23.562** | **144.233** |
| Пренос во законски резерви | - | 17.462 | 6.100 | - | **23.562** |
| Пренос во задржана добивка | - | - | - | (23.562) | **(23.562)** |
| Вкупна сеопфатна добивка за периодот | - | - | - | 10.819 | **10.819** |
| **Состојба на 31.12.2024** | 68.700 | 58.845 | 16.688 | 10.819 | **155.052** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**за периодот кој завршува на 31 декември 2024**
**Во илјади денари**

| Извештај за паричниот тек | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕК ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| ***Прилагодувања за:*** | | |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | **14.514** | **28.377** |
| Амортизација на основните средства | 7.226 | 5.869 |
| Расходи за камати | 9.873 | 8.785 |
| Приходи од камати | (8) | (32) |
| Капитална загуба од продажба на нетековни средства | 66 | 32 |
| Обезвреднување и отпис на заеми и побарувања | 13.026 | 11.308 |
| ***Оперативна добивка пред промени во работниот капитал*** | **44.697** | **54.339** |
| ***Промени во оперативните средства и обврски:*** | | |
| ***Зголемување (намалување) на тековните средства*** | | |
| Залихи | (1.736) | 104 |
| Побарувања од купувачи | (25.693) | (28.527) |
| Останати тековни средства и претплати | (6.129) | (174) |
| ***Зголемување (намалување) на тековните обврски*** | (71.914) | - |
| Обврски кон добавувачите | (611) | (4.911) |
| Останати тековни обврски и ПВР | 54.616 | (7.965) |
| ***Парични средства генерирани од работењето*** | **(6.770)** | **12.866** |
| Примени камати | (9.873) | (8.785) |
| Данок на добивка | (3.695) | (4.815) |
| **Нето готовина од деловни активности** | **(20.338)** | **(734)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕК ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Набавка (продажба) на недвижности, постројки и опрема | (2.497) | (469) |
| Нематеријални средства | (7.758) | (3.069) |
| Платени камати | 8 | 32 |
| Вложувања во подружници | (310) | - |
| **Нето готовина од инвестициони активности** | **(10.557)** | **(3.506)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕК ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Долгорочни финансиски обврски | - | - |
| Краткорочни финансиски обврски | 34.435 | (2.388) |
| **Нето готовина од финансиски активности** | **34.435** | **(2.388)** |
| **Нето пораст (намалување) на готовина** | **3.540** | **(6.628)** |
| Готовина на почетокот на годината | 6.079 | 12.710 |
| **Готовина на крајот на годината** | **9.620** | **6.079** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.